Република Македонија

**Државен завод за индустриска сопственост**

[redacted]

Бр. 09-912/6-2013 П/2013/150

Дата 17/09/2014

**Државен завод за индустриска сопственост**
ул. 11 Октомври бр.25,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3103-601
Факс. (02) 3137-149
Сајт: www.ippo.gov.mk

Државниот завод за индустриска сопственост, врз основа на член 19 и членовите 52, 56 и 60 од Законот за индустриска сопственост ( Службен весник на РМ бр. 21/09 и 24/11) и Договорот за соработка во областа на патентите („Службен весник на РМ" бр.19/95), постапувајќи по барањето за признавање на правото за патент од подносителот **Илиев Зоран** поднесено преку застапникот **Дарко Јанкуловски, адвокат,** за пријавата **П- 2013/150** од **24/04/2013**, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ПРИЗНАВА** правото на патент, по пријавата на патент **П-2013/150 од 24/04/2013** година, на носителот на правото **Илиев Зоран, ул.Луј Пастер бр.3А Скопје, МК,** застапуван од **Дарко Јанкуловски, адвокат, бул. Крсте Мисирков бр.13/2, 1000 Скопје, МК,** за пронајдокот со назив **ОЛЕСНЕТ ВЕШТАЧКИ ГРАНИТ-РОЦЕР,** од пронајдувачот назначен во пријавата **Илиев Зоран, ул.Луј Пастер бр.3А Скопје, МК,** со ознака на **МКП C 08 Int.Cl.8,** со право на првенство од **П 20130150 24/04/2013 МК,** односно од _/_ како ден на изложување на пронајдокот на изложба, саем _/_.

2. Патентот се признава спрема описот и нацртот, а во обем на усвоените патентни барања.

3. Правото на патент се признава согласно членот 60 став 1 од Законот за индустриска сопственост и истекува на **24/04/2023.**

4. Признаеното право се впишува во регистарот на патенти под број: **904923.**

5. Податоците за признаеното право на патент согласно член 69 став 1 и 2 од Законот се објавуваат во гласилото на Заводот.

## О б р а з л о ж е н и е

Лицето назначено во диспозитивот на ова решение е подносител на барањето за признавање на патент.

Во текот на постапката за испитување на пријавата на патентот, Заводот утврди дека се исполнети условите за признавање на патентот предвидени со Законот за индустриската сопственост и со известување го повика подносителот да ги плати трошоците за објавување на податоците за патентот во службеното гласило на Заводот, за издавање на исправа и годишна такса за одржување на правото на патент.

Подносителот на барањето ги плати таксите и трошоците во предвидениот рок.

2014/4483

[redacted]

Носителот на правото е должен да ги плаќа годишните такси за одржување во важност на патентот во висина утврдена со тарифниот број 109 од Законот за административни такси ("Службен весник на Република Македонија" бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06 и 6/10).

Годишните такси за одржување на патентот се уплатуваат до почетокот на годината за која се уплатува таксата, односно до денот на поднесувањето на меѓународната пријавата.

Во спротивно, согласно членот 87 став 1 точка 1 од Законот за индустриска сопственост, признаеното право престанува да важи.

Врз основа на горенаведеното Заводот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од приемот на истото.

ДИРЕКТОР
Д-р Сафет Емрули

Изработил:
Контролирал:

ДОСТАВЕНО ДО:
-Дарко Јанкуловски, адвокат
- бул. Крсте Мисирков бр.13/2, 1000, Скопје
- архива